# Инспирирај учество!

ПОВИК ЗА НАСТАВНИЦИ ОД СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Влијанието на пандемијата врз образовниот систем и воведувањето на моделот на далечинско учење значително се одрази и на степенот на ученичко учество во средните училишта. Последната студија која ја спроведоа Фондација Конрад Аденауер и ЛЕАД покажа дека во 12% од случаите во средните училишта не биле избрани претставници на ученичките организации, додека во 24% од случаите изборите биле направени на нецелосно демократски начин.

**Од таа причина, отвораме повик за 21 наставник од средни училишта да земат учество во процес за унапредување на ученичкото учество при настава на далечина и за зголемување на свесноста за важноста од демократски, легитимни избори на средношколски лидери.**

Преку процесот, наставниците ќе ги зајакнат нивните компетенции за практикување демократија во училиштата и промовирање на култура на демократија помеѓу учениците, наставниците и носителите на одлуки, преку планирање и спроведување визуелни кампањи.

**Целокупниот процес ќе се спроведува во 3 фази, вклучувајќи:**

1. Спроведување на три обуки за зајакнување на капацитетите за практикување демократија **(март-април)**
2. Практичен процес за развој на содржини за кампања за зголемување на свесноста кај наставниците, учениците и носителите на одлуки **(мај)**
3. Спроведување на кампањата за зголемување на свесноста во рамки на училишното опкружување **(август-септември)**

Ги покануваме сите заинтересирани наставници вклучувајќи ги и вработените во стручните служби да аплицираат за учество во процесот **најдоцна до 21.03.2021**, преку доставување на кратка биографија и мотивациско писмо, каде ќе ја наведете Вашата улога во промовирање на демократските процеси во рамките на училиштето, на **applications@lead.org.mk**

Наставниците кои ќе бидат избрани ќе учествуваат активно во креирањето на содржините за кампањата за зголемување на демократското учество на учениците, наставниците и носителите на одлуки и за истиот ангажман ќе добијат финансиски надомест.